**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-25/5
19.08.2024 година
Струга

# ООУ„Св.Климент Охридски“- Охрид

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 11, 12, 13 март 2024 година |
| **Број на извештај:** | 5/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Жана Димоска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Основач на училиштето:** | општина Охрид |
| **Наставен јазик:** | македонски |
| **Број на ученици:** | 469 |
| **Полова структура на ученици:** | 270 машки и 199 женски |
| **Број на наставници:** | 38 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Габриела Андоноска |
| **Директор на училиштето:** | м-р Јордан Пуроски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул: „КлиментовУниверзитет“ бб |
| **Телефон:** | 046 260-212 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-svetiklimentohridski-ohrid@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | 3,22 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 11 до 13 март 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Св.Климент Охридски“-Охрид.

Планирањата на сите наставници се изработени согласно наставните планови и програми донесени од Министерство за образование и наука и се во согласност со националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование. Училиштето има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување на планирањата на наставниците.

Наставата во училиштето по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Голем дел од наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите не се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост.

За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Училиштето применува договорена политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.

Училиштето планира и реализира разновидни вонанаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Учеството и постигањата на учениците во воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето се грижи за промовирање на воннаставните активности и постигањата на училиштето за што има формирано тимови: тим за креирање активности за промоција на училиштето, тим за одржување на facebook–профилот на училиштето и тим кој го подготвува и издава училишниот весник „Светлини“ кој се издава по повод патрониот празник на училиштето.

Училиштето има пишан протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините за постапување, а истото е внесено и во Статутот на училиштето.

Училиштето има Проширена програма со која се врши прифаќање на учениците еден час пред и еден час после завршувањето со настава, а има и паралелки каде се реализира продолжен престој.

Во училиштето е формиран Ученички парламент со своја Програма за работа. Учениците учествуваат во решавање на проблемите и прашањата од нивен интерес и даваат предлози.

Избран е Ученички правобранител, а учениците предлагаат активности за подобрување на работата во училиштето.

Во училиштето на видни места има истакнато знаци за забрана од пушење. Во училиштето се реализирани предавања од страна на одделенските раководители, стручната служба и во соработка со МВР, Црвен Крст и Центарот за јавно здравје за штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, заштита од заразни болести.

Училишниот одбор е конституиран согласно со законската регулатива. Работата на Училишниот одбор е во согласност со Деловникот за работа и е транспарентна. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.

Раководниот орган работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување на квалитет и се грижи за спроведување на акциските планови за реализација на Развојната програма. Соработува со локалната средина, деловната средина и граѓански организации и обезбедува услови за вклучување на училиштето на регионални и државни натпревари.

Раководниот орган има важечки сертификат за познавање на странски јазик но нема важечко уверение за положен испит за директор. Не следи напредни обуки за директор за негово натамошно стручно усовршување

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотеката нема читална , но има поставено клупи во посебна просторија во која се води библиотечната евиденција кои не ги задоволуваат потребите на учениците. Библиотечната евиденција се води компјутерски, книгите се подредени и истата е отворена и достапна согласно на работното време на учениците и наставниците.

Целите во развојната програма се конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од Самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето.

Во поставување на целите се вклучени вработените, родителите директорот и стручната служба во училиштето.Училиштето има акциски планови за реализирање на поставените цели кои се дефинирани во Годишната програма за работа.Училиштето има план и ја следи динамиката на реализација на Развојната програма, а планираните цели во најголем број се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и за трошењето. Буџетот се користи наменски главно за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците и развојот на училиштето во целина.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Охрид е 3,22 **добро[1].**

Самоевалуација, број 02-383 од 06.10.2022 година
Програма за развој, број 01-276/1 од 05.08.2022 година
Годишна програма, број 01-302/1 од 14.07.2023 година
Одлука од Совет на општина, број 08-12881/33 од 29.08.2023 година
Годишен извештај број 01-301/1 од 14.07.2023 година
Инклузивен тим на училиштето, Решение број 03-367/1 од 04.09.2023 година
Инклузивни тимови за ученик, (број на тимови) 4
Тим за меѓуетничка интеграција, Решение број 02-589/1 од 28.12.2023 година
Партнер училиште: ООУ„Нури Мазари“-Делогожда
Училишен спортски клуб, Решение број 6853889
Училиштен парламент: пресedател Зоран Старковски, правобранител Марија Кузмановска.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

# Карактеристики на училиштето

ООУ „Св. Климент Охридски“ - Охрид е основно деветодишно училиште каде наставата се изведува во 2 згради, централната зрада е сместена во стариот дел од градот во непосредна близина на Климентовиот универзитет, а подрачното училиште е сместено во населба Далјан покрај брегот на Охридското езеро. Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Училиштето е основано 1897 како Егзаркиско-црковно училиште со финансиски средства од граѓаните на градот Охрид, а дејноста е верифицирана со решение број 04-3266/1 од 03.04.1985 година. Училиштето има Статут број 01-140/1 од 17.02.2020 година.

Во централното училиште се одвива настава од прво до деветто одделение. Зградата располага со 21 училница, 10 кабинети,1 фискултурна сала, 1 библиотека и 20 други простории.

Фискултурната сала е опремена со нагледни средства и помагала за одвивање на наставата по физичко и здравствено образование, но истата не ги задоволува потребите на учениците.

Во подрачното училиште наставата се изведува од прво до петто одделение. Подрачното училиште располаат со вкупно 5 училници,1 канцеларија и една помошна просторија. Подрачното училиште не е оградено, а училишниот двор не е хортикултурно уреден. Просториите во кој се одвива наставата во подрачното училиште не соодвестуваат на потребите за изведување на современа настава.

Училишната библиотека во централното училиште располага со книжен фонд и стручна литература која соодвествува со потребите на учениците и наставниците. Нема училишни библиотека во подрачното училиште, така што учениците мораат да одат во библиотеката во централното училиште за позајмување на книги.

Наставните средства и помагала со кои располага училиштето ги задоволуваат потрбите за изведување на квалитетна настава и спроведување на наставата по новата концепција.

Во училиштето вработени се вкупно 38 наставници. Сите наставници се соодветни соласно нормативот за наставен кадар. Во стручната служба вработени се 1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар, 1 специјален едукатор и рехабилитатор и еден инклузивен дефектолог. Стручните соработници се соодветни на нормативот.

Оваа учебна одина во училиштето учат вкупно 469 ученици распределени во 26 паралелки.

# 1.Планирање, настава и учење

## 1.1. Планирања на наставниците

Планирањата на сите наставници се изработени согласно наставните планови и програми донесени од Министерство за образование и наука и се во согласност со националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование. Училиштето има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување на планирањата на наставниците. Од страна на стручната служба и директорот на почетокот на наставната година се разгледуваат планирањата на наставниците.

Планирањата наставниците ги изработуваат индивидуално, користат стручни искуства од различни медиуми и за истите споделуваат и разменуваат искуства во рамки на стручните активи.

## 1.2. Наставен процес

Наставата во училиштето по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основно образование и со пропишаните процедури во училиштето. Учениците односно родителите/старателите се запознаени со изборните/слободните активности и предмети и сами ги избираат.

Голем дел од наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Дел од наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се користат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проекти, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување.

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На голем број од наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со ПОП се реализира настава/вонннаставни активности според ИОП или модифицирана програма. Училиштето соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП но истата не ги задоволува потребите. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите не се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со попреченост во согласност со целите во ИОП во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Наставниот кадар соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.

Тимот за училишна интеграција е формиран со Решение, има изготвено Програма за работа и го спроведува Акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има партнер училиште за меѓуетничка интеграција во образованието, а за спроведените активности изготувува извештај на крајот на секоја наставна година.

## 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Учениците

сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците.

Наставниот кадар и стручните соработници препознавањето на индивидуалните образовни потреби и пречки во процесот на учење на учениците не го вршат системски. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Голем број од наставниците, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

## 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето применува договорена политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.

Мал број од наставниците ги користат сите информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Тие дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, им даваат повратна информација.

## 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност.

Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

# 2.Постигнувања на учениците

## 2.1.Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Учеството и постигањата на учениците во вонваставните активности континуирано се следи и евидентира. Резултатите добиени на државното тестирање, студиите/извештаите за резултатите од меѓународни оценувања се прибираат, но не се анализираат.Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишани процедури. Учениците добиваат поддршка за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.

## 2.2.Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето ја следи редовноста на учениците, но активностите што ги презема за намалување на бројот на изостаноците не дава резултати. Соработката со родителите за зголемување на редовноста на учениците е преку одржување заеднички родителски средби. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од пет по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Мал број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината не е видлива промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.

# 3.Училишна клима и односи во училиштето

## 3.1.Училишна клима

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето се грижи за промовирање на вонпаставните активности и постигањата на училиштето за што има формирано тимови: тим за креирање активности за промоција на училиштето, тим за одржување на facebook–профилот на училиштето и тим кој го подготвува и издава училишниот весник „Светлини“ кој се издава по повод патрониот празник на училиштето.

Во училниците и ходниците редовно се истакнуваат ученичките творби. Се доделуваат пофалници на наставници ментори и ученици кои освоиле награди на натпревари. Училиштето има пишана процедура за прогласување на првенец на генерација и „Климентовец“. Изготвени се Кодекси за однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, како и Кодекс за однесување на родителите во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури. Во изработката на кодексите учествувале преставници од сите засегнати за животот во училиштето. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршувањена принципите и правилата за однесување.

Раководниот кадар, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна работна атмосфера во училиштето.

Дисциплината на учениците е добра. Средината за учење ги мотивира учениците за постигнување повисоки цели.

Училиштето има Куќен ред, кој го почитуваат вработените и учениците. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.Тимовите за поддршка работат за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошката мерка. Оваа учебна година нема изречено педагошки мерки.

Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата. Училиштето има Проширена програма со која се врши прифаќање на учениците еден час пред и еден час после завршувањето со настава, а има и паралелки каде се реализира продолжен престој.

Во училиштето е формиран Ученички парламент со своја Програма за работа. Учениците учествуваат во решавање на проблемите и прашањата од нивен интерес и даваат предлози.

Избран е Ученички правобранител, а учениците предлагаат активности за подобрување на работата во училиштето.

Учениците како преставници од Ученичкиот парламент редовно се поканувани на состаноци на Училишниот одбор.

## 3.2.Еднаквост и правичност

Училиштето промовира еднаков и правичен однос кон сите ученици. Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата а најголем број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. Вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитува во случај на нивно нарушување. Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до соодветната служба во училиштето.

## 3.3.Партнерски однос со заедницата

Училиштето овозможува и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовниeто на своите деца и во животот на училиштето.

Континуирано и навремено ги информира родителите за сите случувања во училиштето, преку учество на претставници во органите на училиштето. Родителите се вклучуваат во хуманитарни акции, базари, предавања од нивна страна за запознавање со различни професии на учениците. Се почитуваат мислењата и ставовите на родителите при носење на одлуки во училиштето.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница преку вклучување во одбележувањето на значајни датуми и организирањето на разни манифестации; посета на одредени локални институции со цел реализирање на одредни наставни содржини, реализирање на одредни инфраструктурни проекти и други активности.

## 3.4.Севкупна грижа за учениците

Училиштето има пишан протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините за постапување , а истото е внесено и во Статутот на училиштето. Учениците се запознати со сите видови на насилство а во Програмата за работа на Ученичката заедница исто така е предвидено и предавање од страна на стручната служба и давање на предлози од страна на учениците за намалување на појавата на насилство. Нема забележани случаи на насилство во училиштето.

Во училиштето на видни места има истакнато знаци за забрана од пушење. Во училиштето се реализирани предавања од страна на одделенските раководители, стручната служба и во соработка со МВР, Црвен Крст и Центарот за јавно здравје за штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, заштита од заразни болести.

Училиштето нема увид во храната која ја внесуваат учениците во училиштето. Се води кампања за здрава исхрана во рамките на одделенските часови и часовите од животни вештини.

Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно се делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена. Хигиената во училиштето е добра.

Дворот во централното училиште е чист но недоволно хортикултурно уреден.

Во склоп на Годишната програма училиштето има Програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има три лица кои имаат сертификат за давање на прва помош и има сандаче со елементарен материјал за давање на прва помош на учениците.

Во училиштето има 19 ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите (8) се функционални. Училиштето располага со документи: за извршено мерење за исправноста на громобранската инсталација, План за заштита и спасување, Правилник за заштита од пожари и експлозии. Планот за евакуација е поставен на видно место но не се извршени симулации за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.

Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции за помош и поддршка на учениците од социјално загрозените семејства. Идентификувани се 9 ученици за кои училиштето во соработка со релевантни институции им дава поддршка на овие ученици.

Во училиштето нема ученици кои заради здравствени причини подолго време отсуствувале од наставата. Стручната служба во училиштето има планирано активности и има механизми за препознавање на емоционалните потешкотии на учениците. Доколку се појават такви случаи психологот реализира конкретни активности.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за натамошно продолжување на образованието. За таа цел се спроведува тестирање за професионална ориентација на учениците од страна на педагогот, а во училиштето се вршат посети и се делат промотивни материјали од страна на средните училишта во општината. Исто така училиштето им обезбедува на учениците и посети на отворени денови и саеми во средните училишта во општината. Училиштето е отворено за соработка и помош на родителите и учениците при избор на средно училиште во кое учениците би го продолжиле образованието.

# 4.Управување, раководење и креирање политики

## 4.1.Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Работата на училишниот одбор е во согласност со Деловникот за работа и е транспарентна. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Работат и носат одлуки кои се во нивна надлежност а записниците и донесените одлуки уредно се евидентираат и архивираат. Од страна на Училишниот одбор се следи наменското трошење на средствата од буџетот.

Раководниот орган работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување на квалитет и се грижи за спроведување на акциските планови за реализација на Развојната програма. Соработува со локалната средина, деловната средина и граѓански организации и обезбедува услови за вклучување на училиштето на регионални и државни натпревари. Има план за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности. Планира и обезбедува потрошен материјал.

Раководниот орган има важечки сертификат за познавање на странски јазик но нема важечко уверение за положен испит за директор. Не следи напредни обуки за директор за негово натамошно стручно усовршување

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотеката нема читална, но има поставено клупи во посебна просторија во која се води библиотечната евиденција кои не ги задоволуваат потребите на учениците. Библиотечната евиденција се води компјутерски, книгите се подредени и е отворена и достапна согласно на работното време на учениците и наставниците. Формирана е библиотекарска секција која нема учествувано на натпревари но има своја Програма за работа. Училиштето има вработено соодветен наставен кадар и стручни соработници за реализација на наставата. Во училиштето има еден наставник кој се стекнал со звање ментор. Сите наставници и стручната служба имаат План за професионален развој. Училиштето има пракса на вклучување на наставниот кадар и стручните соработници во екстерни и интерни обуки, а се врши и дисеминација од посетените семинари. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето има пишана процедура според која се одвива приправничкиот стаж. Стручните соработници по претходни изготвен план и подготвен протокол ја следат целокупната работа на наставниците и се посетуваат на часови, за што располагаат со документација. Директорот следењето на часовите на наставниците го врши заедно со стручната служба.

## 4.2.Цели и креирање на училишната политика

Училиштето има процедури за донесување на училишни политики во кои се вклучени сите засегнати структури во училиштето. Континуирано се прават напори за подобрување и унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето.

Во поставување на целите се вклучени вработените, родителите директорот и стручната служба во училиштето.Училиштето има акциски планови за реализирање на поставените цели кои се дефинирани во Годишната програма за работа.Училиштето има план и ја следи динамиката на реализација на Развојната програма, а планираните цели во најголем број се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и за трошењето. Буџетот се користи наменски главно за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

# 5.Наоди и препораки

## 5.1.Силни страни

- Во училиштето се почитуваат мислењата и ставовите на родителите при носење на одлуки во училиштето.
- Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети.
- Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
- Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишани процедури

## 5.2.Слаби страни

- Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите не се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост.
- Просториите во кој се одвива наставата во порачното училиште не соодвестуваат на потребите за изведување на современа настава
- Училишниот двор во подрачното училиште не е ограден и хортикултурно уреден

## 5.3.Препораки

- Да се направат напори за приспособување на училишниот простор за потребите на учениците со физичка попреченост.
- Просториите во подрачното училиште да се приспособат за реализација на современата настава.
- Училишниот двор во подрачното училиште да се огради и хортикултурно да се уреди.

| | |
|---|---|
| Жана Димоска, раководител на инспекцискиот тим | |
| Виолетка Џутеска, инспектор | |
| Наташа Пинтоска Беќароска, инспектор | |